Бр. 02-521/21
24.4.2023 година
Скопје

Врз основа на член 19, став (2) точка 6, член 103, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 208, став 1, точка 17 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 9, став 1, алинеја 1 од Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 478/2020), Ректорската управа на 280. седница одржана на 24.4.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за доделување финансиски средства за објавени научни трудови индексирани во базите Web of Science на Clarivate Analytics или Scopus на Elsevier

### I Општа одредба

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување финансиски средства на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар на факултетите и институтите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во продолжение: единици на Универзитетот), за објавени научни трудови индексирани во базите на Web of Science на Clarivate Analytics или Scopus на Elsevier.

### II Услови и критериуми

**Член 2**

(1) Финансиски средства за објавени научни трудови индексирани во базите на Web of Science на Clarivate Analytics или Scopus на Elsevier се доделуваат на лица избрани во наставно-научни и научни звања кои се во работен однос на единиците во состав на Универзитетот.

(2) Финансиски средства за објавени научни трудови индексирани во базите на Web of Science на Clarivate Analytics или Scopus на Elsevier може да се доделат и на лица избрани во соработнички звања (асистенти, асистенти истражувачи) и асистенти-докторанди, кои се во работен однос на Универзитетот.

**Член 3**

(1) Во текот на една академска година може да се доделат финансиски средства за објавени 20 научни труда од секое научно подрачје:

1. Природно-математички науки;
2. Техничко-технолошки науки;
3. Медицински науки и здравство;
4. Земјоделски и ветеринарни науки;
5. Општествени науки; и
6. Хуманистички науки и уметности.

(2) За подрачјата од став (1) на овој член се доделуваат финансиски средства доколку трудот е индексиран во базата на Web of Science на Clarivate Analytics.

(3) По исклучок, за подрачјето од став (1), точка 6 на овој член, финансиски средства може да се доделат и за трудови индексирани во базата Scopus на Elsevier, доколку не е достигнат бројот од 20 поддржани трудови во даденото научно подрачје.

(4) Доколку во одредено научно подрачје нема пријавено за финансирање потребен број трудови утврден во став (1) на овој член, финансиските средства што остануваат се распределуваат рамномерно по другите научни подрачја.

(5) Доколку во одредено научно подрачје има пријавено за финансирање поголем број на трудови утврден во став (1) на овој член, при изборот на трудовите се зема предвид висината на факторот на влијание по научни подрачја.

(6) При распределбата треба, во рамките на едно научно подрачје, да има најмалку еден научен труд од секоја единица, доколку трудот ги исполнува потребните услови.

## III Постапка за избор и доделување на финансиски средства

### Член 4

Постапката за избор на трудови ја спроведува Комисијата за наука на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје (во натамошниот текст: Комисијата за наука).

### Член 5

(1) Изборот се врши во постапка по пат на објавен интерен конкурс.

(2) Конкурсот го објавува Комисијата за наука.

(3) Конкурсот ги содржи условите, критериумите, доказите што треба да ги достават предлагачите, рокот за пријавување, висината на финансиските средства што се доделуваат и сл.

(4) Конкурсот се доставува до единиците на Универзитетот и се објавува на веб-страницата на Универзитетот.

### Член 6

(1) Предлози за избор на трудови со кои ќе се јават на интерниот конкурс поднесуваат авторите на трудовите во рамките на матичната единица за даденото подрачје.

(2) Секоја единица може да предложи најмногу 20 труда на конкурсот, со јасно назначување за кое подрачје се предлага трудот.

(3) Предлозите за избор на трудови, единиците ги доставуваат до Универзитетот, преку архивата и во електронска форма.

### Член 7

(1) Предложените трудови од член 6 на овој Правилник мора да ја содржат точната припадност (афилијација) на Универзитетот - Ss. Cyril and Methodius University in Skopje.

(2) Предложените трудови мора да се дел од Ризницата на научни и уметнички трудови на Универзитетот (Репозиториум).

(3) Формата и содржината на предлогот се утврдени во Образец 1 - Пријава за доделување на финансиски средства од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за научен труд, кој е составен дел на овој Правилник. Во предлогот треба да се содржани доказите за исполнетост на условите од Конкурсот за избор на трудови.

### Член 8

(1) Комисијата за наука врши евалуација на поднесената документација на сите доставени научни трудови и изготвува предлог до Ректорот.

(2) Евалуацијата се врши во рамките на секое научно подрачје според повисоките вредности на факторот на влијание.

(3) Комисијата за наука, може да формира поткомисии за селекција за прелиминарна евалуација и доставување предлог до Комисијата за наука.

(4) Ректорот носи одлука, по предлогот на Комисијата за наука.

**Член 9**

(1) Финансиските средства се доделуваат еднократно за објавен труд.

(2) Доколку постојат повеќе автори на еден труд, авторите одлучуваат во однос на поделба на финансиските средства:

- рамномерно меѓу сите автори;
- процентуално според личен влог во работата на научното списание; или
- повисок износ на финансиски средства се доделува на носителот на работата (авторот за кореспонденција или првиот автор).

**Член 10**

(1) Финансиските средства за објавени научни трудови согласно овој Правилник се обезбедуваат по Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот.

(2) Финансиските средства од став (1) на овој член се доделуваат за објавени научни трудови.

**Член 11**

Авторите на кои им се доделени финансиски средства од Министерството за образование и наука за објавување на истиот труд, должни се да ги вратат доделените финансиски средства од Универзитетот.

**V Завршни одредби**

**Член 12**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување средства за објавени научни трудови во престижни списанија (списанија со фактор на влијание според Thomson Reuters или според Scopus), бр. 02-496/35 од 30.5.2017 година.

**Член 13**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**